РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-226/7
11-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3259/1 од 27.12.2024 година, со наводи за неправилности во повеќе аспекти на работењето на Факултетот за /// – ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека по слична фактографија на наводи со дел од предметните наводи веќе има постапено и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлуки од своја надлежност.
За преостанатиот дел од наводите ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува, а за дел од наводите ДКСК утврди дека веќе постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3259/1 од 27.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 27.12.2024 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во повеќе аспекти на работењето на Факултетот за /// – /// и оформен е предмет број 12-3259/1 од 27.12.2024 година.
Во пријавата, кон која подносителот доставил неколку дополнувања, и во која не е укажано на коруптивни дејствија, се опишани околности од различни аспекти на работењето на Факултетот за /// – ///, и во неа подносителот изнесува наводи за повреда на личниот и на институционалниот интегритет.
Околностите кои се опишани во пријавата и во доставените дополнувања упатуваат на: повреда на личниот интегритет, што произлегува од неизбор во звање редовен професор и неколкукратен повторен избор во звање вонреден

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

професор на подносителот на пријавата, како и од оневозможување да одржува менторска настава; пропусти во начинот на кадровско ангажирање и распоредување на расположливиот кадар; несразмерност во платите на професорите и несразмерност во висината на дополнително надоместените трошоци; избори во звања и назначувања во Комисии, со посочување на случаи на извршување на задачи од неколку позиции; одземање на наставни предмети и доделување на предметите на професори кои се членови на други катедри, непочитување на изборот на наставниците на матичната катедра за избор, на изборот во одредена научна област и на одлуката за покриеност на настава на /// циклус студии; слабости во Статутот на Факултетот за /// – ///; дискриминација и други неправилности во постапка за избор на раководител на Катедрата за ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК го констатира следното:

Аспектите поврзани со наводите за повреда на личниот интегритет којашто повреда произлегува од неизбор во звање /// на подносителот на пријавата, ДКСК веќе ги има опфатено во постапувањето по предметот со број 12-2588/1 од 23.05.2023 година, по кој има донесено Одлука (бр.12-2588/8 од 03.10.2023 година, објавена на интернет страницата на ДКСК).
Во однос на посочениот случај на извршување на задачи од неколку позиции од страна на исто службено лице, ДКСК веќе има постапувано по предмет оформен во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање. Имено, по утврдување на фактичката состојба во рамки на предметот со број 09-2726/1 од 22.10.2024 година, ДКСК има донесено одлука (бр.09-2726/2 од 10.12.2024 година).

Во однос на наводите за пропусти во начинот на кадровско ангажирање и распоредување на расположливиот кадар, за несразмерност во платите на професорите и несразмерност во висината на дополнително надоместените трошоци, ДКСК цени дека наводите не содржат елементи на дефиницијата за корупција утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што цени дека во однос на овие наводи нема елементи за надлежно постапување.

Во однос на наводите за слабости во Статутот на Факултетот за /// – /// и во однос на наводите кои се однесуваат на одземањето на наставни предмети и доделување на предметите на професори кои се членови на други катедри, ДКСК цени дека станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно

постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат.

Во однос на наводите за дискриминација и други неправилности во постапка за избор на раководител на Катедрата за безбедносни науки и безбедност во приватниот сектор, врз основа на документацијата која подносителот ја има приложено кон пријавата, ДКСК утврди дека во врска со случајот веќе се преземени дејствија од страна на друг надлежен орган – Народниот правобранител.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата